# ОПИСЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2023 ГОДИНА

**Завршен годишен извештај за 2023 година**

**Спроведени активности**

***Прва детска амбасада во светот МЕЃАШИ – Република Македонија***


Ул. Коста Новаковиќ, 22а, Скопје

Тел/факс + 389 (0)2465 316
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk


Скопје, март 2023

**СОДРЖИНА**

**ВОВЕД**

1. **СЕРВИСИ ЗА ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК**
   - ***АЛО БУШАВКО - ТЕЛЕФОН ЗА ДЕЦА И МЛАДИ 070 390 632***
   - ***СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС/ПОДДРШКА ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ ДЕЦА***
2. **ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**
3. **ОД ДЕЦАТА ЗА ДЕЦАТА – АКЦИЈА ЗА ПРОМЕНА**
4. **МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА**
5. **ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА**
6. **УЧЕСТВА/ДЕТСКА НЕДЕЛА**

## ВОВЕД

Пред вас е организацискиот описен Годишен извештај за 2023 во кој и оваа година ќе забележите силни организациски напори да се влијае на подобрување на состојбата на децата и младите во Македонија, но и дека за жал правата поврзани со добробитта, најдобриот интерес и правата на детето остануваат и понатака релативно ниско на агендата на државните институции. Свеста дека овие прашања се мултисекторски и мултидисциплинарни, односно прашања на поширока општествена промена, останува релативно ниска. Ова разбирање на државните институции се отсликува и во нивните политики и приоритети при распределба на јавните средства, така што за оваа намена во континуитет се одвојуваат помали износи во споредба со други општествени прашања.

**Мисијата** на МЕЃАШИ е да ги застапува и заштитува правата на децата, да поттикнува одговорно родителство и почит на детската личност, да го зајакнува граѓанското движење за правата на децата и волонтерството, детското учество и да се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. МЕЃАШИ го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

**Визија**: Поправеден свет за секое дете

**Мото** на организацијата е *„Сите идеали на светот побезначајни се од солзите на едно дете*".

На поле на организацискиот развој е постигнат значаен напредок, што беше плод на заедничка работа на вработените, волонтерите[1] и членовите на Собранието кое воедно игра значајна улога во управувањето на организацијата. Во 2023 година Собранието се сретна трипати, додека поединечните консултативни средби со членовите се одржуваа во континуитет.

Во 2023 во организацијата ни се придружија уште 7 нови волонтери, повеќето во работата на Ало Бушавко, а истите беа воведувани во работата и менторирани од стручни лица.

Детската амбасада МЕЃАШИ и во 2023 продолжи активно да ги следи случувањата во државата во поглед на потребите на децата и родителите и излегуваше во јавност со реакции и осуди кога имаше нарушувања на правата на децата. Своите ставови ги претставувавме преку социјалните мрежи и чести објави и настапи на националните и локалните медиуми.

**Организациски вредности**

Во 2023 година Детската амбасада МЕЃАШИ продолжи да ги негува вредностите на кои се темели работата на организацијата. Да потсетиме на некои од нив:

**Мир и ненасилство.** Мир е активен концепт кој вклучува постојано делување, обновување на односи помеѓу спротивставени страни, воспоставување на општествен систем кој им служи на сите во заедницата, конструктивно (ненасилно) решавање на општествените конфликти итн. Ненасилството подразбира почитување на животот, активно и доследно залагање на ненасилни начини да се препознава и спречува насилството. За МЕЃАШИ мирот е поширок концепт од отсуство на војна или вооружени конфликти. Меѓаши работи на намалување на она што предизвикува, директно или индиректно, разни облици на неправди и насилство во општеството, ја негува моќта на соработката и ги зајакнуваа и поттикнува луѓето на дејствување.

**Партиципацијата** (учество, вклученост) подразбира децата и возрасните да имаат можност да учествуваат во одлучувањето за прашања кои се од нивен интерес. Децата имаат право да добијат поддршка за да учествуваат во одлучувањето. На ниво на организацијата, вклучувањето на децата во планирањето на работата и спроведувањето на активности е од клучно значење.

**Принципот на еднакви можности** значи дека сите деца треба да имаат еднаков пристап до придобивките од општествените, економските, политичките и техничко-технолошките промени и развој. МЕЃАШИ придонесува за создавање и подобрување на општествените механизми за обезбедување еднакви можности, без каква било дискримација.

**Не постои проблем за кој не постои решение.** Иницијативноста подразбира да се согледаат тековните или предвидат идните предизвици и да се понуди одговор што предизвиците ќе ги престори во можности. МЕЃАШИ знае дека може и дека нема невозможно. Нема страв, има храброст; нема чекање, има водство и креативност. МЕЃАШИ е истрајна организација со претприемачки дух и способност да преземе ризик.

**Партнерството** подразбира соработка заснована на заедништво, солидарност, взаемна почит и поддршка, споделување на целите и доверба. Големите општествени промени бараат заеднички ангажман на различни општествени чинители. МЕЃАШИ е подготвена да иницира сопствени и да поддржува иницијативи на други чинители кои целат кон подобрување на добробитта на децата. Во рамките на самата организација, партнерството е засновано на организациските вредности, професионалност и стремеж за личен и професионален развој и подразбира тимска работа.

**Волонтерството** подразбира поддршка на волонтирањето во активности за заштитата на правата на децата. Сите поединци и општествената заедница во целина имаат право, но и обврска да придонесуваат во заштитата и унапредувањето на правата на децата.

**Отчетноста и одговорноста** подразбираат можност за јавна проверка, отвореност на работењето и

домаќинска грижа за сопствената општествена улога. МЕЃАШИ е пример за отчетна и одговорна организација, што ѝ дава кредибилитет на организацијата да ги унапредува овие вредности во општеството.

**Непартизираност.** МЕЃАШИ иницира, развива и предлага јавни политики во интерес на децата, но со своето работење не влијае на партиското определување на кое било лице во или надвор од организацијата и придонесува за намалување на дискриминацијата врз основа на партиската припадност. Затоа непартизираноста на една граѓанска организација означува и избегнување на директно и индиректно влијание на било кој/а од вработените во оперативната канцеларија во креирање на политики на организацијата под влијание на било која политичка партија. Непартизираноста на Меѓаши помага во иницирање, развивање и предлагање јавни политики во интерес на децата.

## 1. ДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК

**Ало Бушавко - телефонска линија за поддршка на деца и млади 070 390 632**

**Траење**: од 1993. во континуитет

**Резиме на наодите од работата на СОС-телефонот во 2023 година**

Ало Бушавко - телефонот за деца и млади го одбележа своето 30 годишно поддржување, насочување и застапување на децата во Македонија. И покрај тоа што бројот на деца кои нè контактирале во 2023 година не е голем, сепак споредено со минатите три години се забележува поголем број деца и млади кои директно нè контактираат. Тимот на Ало Бушавко и понатаму продолжува со напорите и активностите за охрабрување на децата и младите да се јават, за да се информираат или за да пријават прекршување на нивните права. Продолживме со пренасочување на повиците и притоа не направивме никаков прекин во давањето на нашите услуги и 24/7 достапност.

За жал, 2023 година ја обележаа немили настани во Македонија и регионот, вклучително и трагичниот случај/убиство на млада личност. Размерот во кој овие настани резонираа и ефектите што ги предизвика пред сè меѓу децата и младите за жал ниту стручната јавност ниту пак надлежните структури не успеаа да ги амортизираат, и покрај напорите сепак не се испитаа условите во нашиот образовен систем, можните чинители за појава на слични случки за да може да се направат стратегии за превенција. Сето ова придонесува кон креирање голем број стресори за менталното здравје и зголемување на ранливоста на сите, но особено на децата и младите.

Токму затоа во таков општествен контекст, на прво место на проблеми или причини заради кои се јавиле дојавувачите на Ало Бушавко, во изминатата година се последици врз нарушено ментално здравје на децата, дури 35% од вкупните дојави, или инаку гледано секое трето дете има нарушено ментално здравје. Меѓу причините за ваквата состојба дополнително придонесуваат и нарушените родителски односи, проблем кој следствено продолжува да котира помеѓу првите три места во категоријата проблеми години наназад.

Одржувањето на менталното здравје е подеднакво важно како за возрасните, така и за децата. Бракоразводните постапки и несогласувањата меѓу родителите се во најголем број причини за детската вознемиреност и страв. Исто така, вознемиреноста кај децата може да се јави и како резултат на големи промени во нивниот живот, како преселба во нов дом, живеење со само еден родител, менување на училиштето , како и презафатеноста на родителите, поголемите барања и очекувања во школувањето на децата и сл.

Податоците говорат дека прекршувањата на правата на детето при бракоразводна постапка се еден од

најголемите проблеми со кои се соочуваат децата и нивните семејства, а ова повторно ни укажува на фактот дека потребно е подобро и поквалитетно регулирање на семејните односи и поголемо внимание и поддршка од страна на надлежните институции со цел да се превенираат дополнителни кршења на детските права.

Насилството и понатаму претставува реалност за децата во Македонија. Податоците од извештајот покажуваат дека многу деца се во ризик од насилство особено од меѓу врсничко насилство со што се влијае на нивниот оптимален психофизички развој. Телесното казнување сè уште доминира како начин за воспитување на децата, покрај психолошката трага што тоа ја остава врз децата за цел живот. Според добиените податоци, во 2023 година 40 деца биле жртви на физичко насилство.
Во однос на другите облици на насилство, емоционалното насилство и во 2023 година котира високо на првото место како причина за зачестеност на повиците од оваа категорија, вкупно 52. Навидум невидливо но е еднакво опасно како и сите други облици. Спектарот на емоционална злоупотреба е широк, а се случува кога за детето не се води грижа, не се поттикнува на развој, се занемарува, се отфрла, се игнорира, се присилува, се казнува, се спречува да се поврзе со други луѓе од неговото опкружување...

Емоционална злоупотреба е и кога детето е сведок на физичко или друг вид насилство. 18те пријавени случаи на АлоБушавко за врсничко насилство врз деца и млади притоа земајќи ги предвид последните случувања во јавноста се само индикатор дека бројката на деца жртви, агресори и неми сведоци е многу поголема во пракса.

И во 21 век, сеуште голем број деца со своите семејства живеат на работ на егзистенција, немајќи пристап до основни суштински потреби за живот. Кога зборуваме за суштински потреби, зборуваме за изложеноста на несоодветни услови за живот кои го попречуваат оптималниот раст и развој на децата. Сиромаштијата им штети на децата со што се зголемува можноста да станат жртви на најтешките форми на злоупотреба на детскиот труд. Вакви и слични ним случаи доведуваат категоријата пристапност да е со 14% застапеност од вкупниот број на пријавени случаи на АлоБушавко - телефонот за деца и млади.

**Графикон 1: Број на дојави, дополнителни советувања и број на опфатени деца во нив**




Во овој дванаесетмесечен период комуникацијата со дојавувачите во најголем број беше остварена преку административниот (фиксен) и/или мобилниот број на Детската амбасада Меѓаши 070 390 632, поточно примени се 227 дојави преку еден од овие два броеви. Преку е-пошта во овој период примени се 25 дојави, 3 дојави се примени на ФБ-страницата, 9 дојави се примени по пошта, 11 дојави се поднесени со лично присуство во просториите на Меѓаши додека 32 дојави се примени преку чет

опцијата на веб страницата alobushavko.mk.

**Графикон 2. Дојави според канал на комуникација**




Дојавите за извештајната 2023 година се однесуваат на проблеми во кои биле засегнати 117 машки, 107 женски деца, а за 155 деца не е познат полот.

Според средината на живеење на јавувачите, како што се гледа во табелата 2 подолу, најголемиот број од децата или 197 живеат во урбана средина, 33 деца се опфатени со дојавите од дојавувачи кои живеат во рурална средина, непозната е средината на живеење на 149 деца кои се опфатени со дојавите.

Во однос на етничката припадност на јавувачите, како што се гледа од графиконот, 230 од вкупниот број јавувачи се Македонци, додека пак 14 Роми, а 33 јавувачи се од албанска етничка припадност. Само 2 од контактите (дојавите) се од јавувачи во останати (етнички групи) и за 26 лица не е позната етничката припадност.

Во однос на причините заради кои ни се обратиле на Ало Бушавко, забележуваме дека застапени се сите четири теми:

1. Ментално здравје
2. Повреда
3. Семејни односи
4. Пристапност

Во рамките на првата тема – ментално здравје, најголем дел од дојавите се однесуваат на емоционална вознемиреност – проблеми со гнев, страв и вознемиреност, проблеми со расположение кои се јавуваат како последица од другите категории на проблеми пријавени на АлоБушавко.

Во рамките на втората тема – повреда, поголем дел од дојавите се однесуваат на проблеми од категоријата на ментално/емоционално насилство, физичко насилство и занемарување (негрижа).

Во третата тема – семејни односи, дојавите се однесуваат на проблеми и прекршување на правата што спаѓаат во категоријата семејни односи.

Во рамки на четвртата тема – пристапност, има опфатено повеќе категории проблеми и тоа: пристап до образование, основните (суштински) потреби што не им се достапни на децата и проблеми со пристап до здравствена заштита, правни услуги и социо-економски услуги.

Во продолжение даден е графички приказ на најчестите категории проблеми заради кои се јавиле корисниците на телефонот за деца и млади, а потоа и подетален приказ на сознанијата. Како што може да се види од графиконот, најчеста причина за јавување е проблем што се однесува на ментално здравје (35 % од сите контакти), потоа повреда (22%), семејни односи (15%), па пристапност (14%). Со помала застапеност учествуваат и категориите на проблеми поврзани со училиштето (10%) и дискриминација и ексклузија (3%). За категориите Физичко здравје и Сексуалност нема пријавени дојави, додека категоријата Исчезнати деца е застапена со 1% од вкупниот број на добиени дојави за 2023.

**Графикон 3: Категории проблеми пријавени во дојавите**




**Преземени активности**

Во овој 12-месечен период во најголем број беа преземени интервенции на обезбедување директна помош или поддршка на дојави во кои се засегнати 66 деца. Освен директната помош, дадени се препораки во дојавите кои се однесуваат на 244 деца и млади, дадени се информации за контакт на соодветната институција во кои се опфатени 125 деца, потоа 116 деца или млади беа упатени до други организации или институции, додека 103 деца се упатени до агенции/институции надлежни за

спроведување на законот. Најчесто, дојавувач(к)ите беа упатувани до следните служби и институции во зависност од проблемот за кој се јавиле:

- до стручните служби во училиштето - 58
- во агенција (институција) за заштита на децата во земјата - 125
- до различни здравствени работници и други организации со кои соработуваме - 39
- до агенциите за спроведување на законот во земјата - 103

Во текот на постапувањето и обезбедувањето поддршка на децата, тимот на АлоБушавко - телефонот за деца и млади соработуваше со Центрите за социјална работа од Скопје и другите градови, Народниот правобранител, Секторот за внатрешни работи, Министерството за социјална работа и социјална политика, Министерството за образование, Министерството за внатрешни работи, училишта ширум Македонија, Здружението на млади правници, Коалицијата за правично судење и други чинители и организации заради давање подобра и поефикасна поддршка на јавувачите. Во текот на оваа година продолжи блиската и успешна соработка со нивниот Интервентен тим при ЦСР Скопје во повеќе наврати.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ СПРОВЕДЕНИ ОД ТИМОТ НА АЛОБУШАВКО - ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА

### 1.1 КАМПАЊА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА И АЛОБУШАВКО – ТЕЛЕФОНОТ ЗА ДЕЦА И МЛАДИ



Детската амбасада Меѓаши и во текот на 2023 година продолжи со спроведување на кампањата за промоција на детските права во основните и средни училишта која траеше во текот на целата година. Кампањата се реализираше преку работилници со физичко присуство во училиштата или во просториите на Првата детска амбасада во светот Меѓаши за основните и средни училишта на територија на Град Скопје и низ Македонија. Работниот јазик при реализација на работилниците е: македонски и албански, а темите кои беа опфатени се поврзани со животот, образованието и релацијата со родителите. Со кампањата беа опфатени повеќе од 1000 ученици.



Работилниците беа одржани од страна на следниве волонтерки/волонтери: Марија, Даниел, Тарик, Вероника, Петар, Стефани, Јана, Ива, Леона, Матеа, Александра кои вложија голем труд и покажааа голема мотивираност и желба да се промовираат детските права, а воедно и да се подигне свесноста кај децата и младите за проблемите кои следуваат од прекршување на истите. Процесот и текот на кампањата беше под менторство на Клементина Добревска (психолог на АлоБушавко), Јорданка Ч.Трајкоска (психолог и коодинатор на АлоБушавко) и Гордана П. Змијанац (в.д директорка и основачка на ПДАС Меѓаши).

Целта на оваа кампања беше запознавање на децата и младите со нивните права и отворање на




прашањата колку од нив се запознаени и го разбираат нивното вистинско значење. Но исто така се става акцент и на прашањето: Колку овие права се почитувани од врсниците во пракса? Дополнително, една од целите на кампањата е промовирање на АлоБушавко – телефонот за деца и млади 070 390 632, при што беа разгледувани прашањата како на пример зошто е потребен телефонот, принципот на работа и кој стои зад АлоБушавко- телефонот за деца и млади, како едни од најскокотливите претпоставки кои будат дилеми кај најмладите. Непомалку значајно, беа промовирани комуникациски канали на АлоБушавко и веб страницата alobushavko.mk која нуди содржини од интерес за младата популација, но и за родителите и наставниот кадар.




## 1.2. Медиумски настапи

Во изминатиот дванаесет месечен период, освен со 24/7 достапност на АлоБушавко - телефонот за деца и млади, програмскиот и волонтерскиот тим имаа можност во медиумскиот простор да говорат за мисијата и визијата на Детската амбасада Меѓаши и активностите на АлоБушавко, со над 60 изјави од областа на детските права, меѓу кои: гостувања по повод 1 ЈУНИ - Меѓународен ден на детето, 12 АПРИЛ - Меѓународен ден на децата на улица, 17 МАЈ - Меѓународен ден на СОС линиите, детско учество и волонтеризам, како и гостувања на програмскиот тим на теми: Злоупотреба на правата на децата, канал: **https://www.youtube.com/@Megjashi**

## 1.3 СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ




Волонтер(к)ите на АлоБушавко, се шаренолика група со различни интереси и таленти. Тимот кој по потреба работи на социјалните мрежи е комбинација од оние кои покажуваат посебен интерес за дигиталните алатки и оние кои го обожуваат пишаниот збор. Овој тим волонтер(к)и е задолжен за креирање на содржини од областа на детските права за социјалните мрежи на Детската амбасада, вклучително и споделување на активностите во рамки на работата на АлоБушавко и Меѓаши.

## 1.4 СЕМЕЈСТВОТО И ЈАС – ПСИХЕСКОП НАСТАН




На 18.02.2023 програмскиот тим на АлоБушавко, на покана на Здружението на студенти по психологија Психеско, говореше на тема „Искуство од пракса - семејствата денес” во рамки на настанот ПсихескоП, одржан во просториите на Филозофски факултет. Секогаш не радува кога можеме да го споделиме нашето искуство на пошироката јавност, особено на колеги/шки кои ја делат истата визија во креирањето на поправеден свет за секое дете.

## 1.5 ПОСЕТА НА ДОМОТ НА АМБАСАДОРОТ НА СЛОВАЧКА



Изминатата 2023, имавме можност во рамки на проектните активности на Детската амбасада, одблиску да се запознаеме со Амбасадорот на Словачка, г-н Хенрик Маркуш. На покана на Амбасадорот и неговата брачна партнерка, г-а Жанет Маркушова, на 20 март 2023, во друштво на средношколците - волонтер(к)и на АлоБушавко Јана, Матеа, Вероника и Димитар и дел од проектниот тим бевме во посета на Амбасадата на Словачка. Поминавме до секунда активно исполнети час и половина. Во знак на нашата почит за нивната поддршка нашиот Претседател, Драги Змијанац им врачи благодарници.

## 1.6 НАСТАН - ИГРАМЕ ЗАЕДНО ПАК



Дел од волонтер(к)ите на АлоБушавко - телефонот за деца и млади, на покана на Космонаутко имаа можност да го поминат своето слободно време во дружба со многу дечиња во Градскиот парк Скопје, на 07.05.2023 во рамки на настанот Играме заедно пак, организиран од Аутизам МК. Според импресиите на волонтерките, тричасовниот настан помина во другарување, детски насмевки и многу решени „ПОТТИКНИ МИР“ сложувалки креирани во рамките на програмата за Мировно образование, составен дел од кампањата против врсничкото насилство, започната во 2018 година, за кои следуваа и награди изработени од волонтер(к)ите на Меѓаши.

## 1.7 ЈАВНА ДЕБАТА „ЗОШТО ДА ВОЛОНТИРАМ?“




На покана на Волонтерскиот центар Скопје, на 26.05.2023 во Europe House Skopje, претставничка од програмскиот тим на Детската амбасада говореше на тема Волонтеризам, и го сподели искуството од пракса - како новата стратегија за волонтерство помага на работата на граѓанските организации и зошто граѓанските организации толку многу ги ценат волонтерите.

## 1.8 ОНЛАЈН РАБОТИЛНИЦА ЗА НАСИЛСТВО ВРЗ ДЕЦА ЗА ВРЕМЕ НА ТУРИЗАМ



На 23.09.2023, волонтер(к)ите на АлоБушавко се приклучија на онлајн средбата организирана од Специјалната претставничка на Генералниот секретар за насилство врз децата. На истата, Јана, Матеа, Димитар, Петра и Софи имаа можност да се запознаат, дискутираат и споделуваат решенија за намалување на насилството врз деца за време на туризмот, заедно со останатите деца и млади ширум светот на возраст од 13-17 год. За потребите на истата, нашите волонтер(к)и креираа и видео запис во кој ги искажаа своите мислења за како да се намали насилството врз децата за време на туризмот и летниот период.

### 1.9 РАБОТИЛНИЦИ СО ВОЛОНТЕРИТЕ/КИТЕ НА АЛОБУШАВКО



Во текот на целата година просториите на Детската амбасада МЕЃАШИ се отворени за  работилници со средношколци и ученици од основните училишта во Град Скопје. Оваа година може да се присетиме на безброј часови исполнети во создавање на хармонична работна средина со ученици на возраст од 13-18 години, многу позитивна енергија, учење и споделување мислења. Инспирација е да се работи со млади луѓе и да се дискутира за теми од областата на детско учество, борба против насилство врз деца и други области кои се од нивен интерес.

### 1.10 НАСТАН - 30 ГОДИНИ АЛОБУШАВКО



На 21.12.2023, направивме наша „мала“ ретроспектива, мала 30 години... и по повод 30 годишното постоење на АлоБушавко - прв телефон за деца и млади во Македонија, направивме мала роденденска прослава во рамки на програмскиот и волонтерскиот тим. За таа цел креиравме две видеа кои може да ги погледнете на Youtube каналот на Меѓаши. Детската амбасада МЕЃАШИ додели две признанија и тоа на: - **Катерина Златановска Попова за личност на годината (2022/2023) и**

**- Даниел Смиљков за волонтер на годината.**



Овие признанија Детската амбасада МЕЃАШИ ќе продолжи да ги доделува на личности кои со својата посветеност и ентузијазам инспирираат и го поттикнуваат исполнувањето на мисијата, визијата и развојот на организацијата.

## СОЦИЈАЛЕН СЕРВИС/ПОДДРШКА ЗА РАНЛИВИ ГРУПИ ДЕЦА

**Траење: од 2000 година во континуитет**



Во 2023 година социјалниот сервис продолжи да работи во континуитет обезбедувајќи поддршка на деца и семејства кои се во социјален ризик (над 100 деца). Голем број граѓан(к)и донираа second hand облека, обувки, играчки и останати потребни но сочувани работи, во просториите на Меѓаши. Децата и нивните родители кога имаа потреба од ваков вид помош доаѓаа во сервисот кој беше отворен секој работен ден од 9:00 до 13:00 часот, да си подигнат тоа што им е потребно. Бурекџилницата Ваташа повеќе години секојдневно донира храна за овие семејства. Благодариме од срце на сите кои придонесуваат бидејќи нивната добрина создава вистинска разлика во животите на многу деца и семејства.

## 2. ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Мировното образование или образованието за МИР, денес, во време на глобална криза и несигурност, буди сè поголем интерес. Тоа промовира знаења, вештини и ставови кои можат да им помогнат на луѓето да ги трансформираат конфликтите на мирен начин, да градат поправедни општества, а во средините каде што живеат да создадат услови за позитивен мир.

Мировното образование е вредносно втемелено. Клучните вредности на мировното образование, како ненасилството и социјалната правда, се темел за посакуваната општествена промена за почитувањето на човековите права и за градење на довербата.

**Цел**

Проектот има за цел промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од поинтензивно вградување на мировното образование (МО) во наставните курикулуми.

**Целна група**

Проектот најпрво се спроведуваше во 3 средни училишта во Скопје: СУГС "Никола Карев", СГГУГС „Здравко Цветковски" и ДСМУ "Д-р Панче Караѓозов". Во текот на 2013 – 2023 програмата се прошири во други средни  училишта во/и надвор од Скопје: во Виница СОУ “Ванчо Прке”, Скопје СУГС „Владо Тасевски„ СУГС „Арсени Јовков„ и СУГСГИМ ,,Зеф Љуш Марку” како и во средните училишта ЦСНО „28 Ноември” – Дебар, СОУ Гимназија „Кочо Рацин„ – Велес, СОУ Гимназија „Гостивар„ како и СЕУ – Гостивар, ,,Шаип Јусуф” од Скопје, СУГС „Марија Кири Склодовска“,

СУГС „Цветан Димов“, СУГС „Георги Димитров“, сите од Скопје, како и СОУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод...

И покрај тоа што Програмата за мировно образование пред сè е фокусирана кон средните училишта, од Дебар и Виница се приклучени и детските градинки ЈОУДГ "Брешиа", Дебар и ЈОУДГ "Гоце Делчев ", Виница и основните училишта ОУ„Славчо Стојменски“-Виница и ОУ„Пенестија“, Дебар, со цел да може да се следи промената која настанува во случај на приклучување и едуцирање на децата од предшколска возраст до средно образование со вредностите на Мировното образование. Но, освен овие основни училишта во Програмата за мировно образование се приклучени и неколку основни училишта од Скопје и другите градови како и ученички домови.

**Времетраење на проектот/програмата:** 2011- 2024 година.

**Донатор:** Германското федерално министерство за економска соработка и развој.

**Партнерска организација:** KURVE WUSTROW

**Реализирани активности**

Во текот на 2024 година беа организирани повеќе разновидни активности, обуки за наставен кадар, како со физичко присуство, така и онлајн. Темите беа избирани врз основа на увидот на тимот за мировно образование за тоа што е потребно, но и според желбите и барањата на самиот наставен кадар.

За постојаниот интерес за програмата покажува и тоа што во текот на годината, наставниците и наставничките, како и раководните структури од повеќе училишта неколкупати бараа информации за одржување основен тренинг за градење мир и за можноста за вклучување на нови луѓе во програмата. Овие прашања најчесто беа поставени заради потребата од зајакнување на капацитетите на тимовите кои моментно работат во училиштата, или пак заради вклучување на нови членови.

## ОБУКА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И УЛОГАТА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

**1-4.2.2023.**

Тренинг на тема „Застапување на детските права и улогата на Народниот правобранител", наменет за наставен кадар од Гостивар, Виница, Македонски Брод и Скопје како и Општина Виница. На обуката учествуваа и претставници од Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат кои се воедно членови на Координативното тело за мировно образование. Целта беше надградување на капацитетите во областа на правата на децата, запознавање со улогата на Народниот правобранител, запознавање со најновите препораки на Комитетот за правата на детето при ООН, зголемување на вештините за застапување за правата на децата пред медиуми и институции, како и планирање на активностите во рамките на програмата за мировно образование до крајот на првото полугодие од учебната 2022/2023 година.



**ОСНОВНА ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**1-4.3.2023**



На обуката учествуваа наставнички и наставници од Македонски Брод, Виница, Велес, Скопје и Гостивар. Целта на тренингот беше да се запознаат со основните концепти за мировното образование, стекнување нови увиди и знаења, поттик за активно вклучување во Мировното образование, развивање на сензибилитетот за директно и структурно насилство, како и конструктивно справување со конфликтите со цел да се превенира насилството, во вид на ненасилна разработка на истите, особено во контекст на училиштата.

**ФОРУМ ТЕАТАР ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРОМЕНИ**

**3-5.4.2023**

Подготвивме нова Форум театарска претстава, со учество на ученици од СМУГС „Д-р Панче Караѓозов" и основните училишта „Стив Наумов" и „25 Мај", сите од Скопје. Работевме на препознавањето на насилството, видовите насилство, неговото навремено детектирање и активен однос. Работилниците имаа значително едукативно влијание врз групата, стимулирајќи критичко и проактивно размислување и однесување. На крајот од процесот беа избрани две ситуации за изведба на Форум театар.









**ОСНОВНА ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**24-27.05.2023**



Оваа обука беше наменета за наставен кадар, раководни и стручни служби во училишта од Скопје, Велес, Струга, Гостивар, Берово, Куманово, Виница и Валандово. Целта на тренингот беше запознавање со основните концепти за мировното образование, стекнување нови увиди и знаења, поттик за активно вклучување во активности поврзани со Мировното образование, развивање на сензибилитетот за директно и структурно насилство, како и конструктивно справување со конфликтите со цел да се превенира насилството, во вид на ненасилна разработка на истите, особено во контекст на училиштата.

**РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „ЗОШТО И КАКО ЗБОРУВАМЕ ЗА РОДОВАТА РАМНОПРАВНОСТ“**

**27.05.2023**

Со група од 20-ина професорки и професори, наставнички и стручни соработнички поразговаравме, ги преиспитавме мислењата, ставовите, верувањата за тоа што е пол, што е род, што е родов идентитет, родова социјализација...Се задржавме на основните поими, концепти и каде сме ние во сето тоа, каква е состојбата во однос на прашањето на родовите улоги и родовата рамноправност, какви се ставовите и перцепциите. Кој е чекорот од родовата еднаквост до родовата рамноправност? Размисливме што можеме секој/секоја од нас на индивидуално и на ниво на училиште да направи за да придонесе кон зголемување на свеста за родовата рамноправност, макар и мал чекор, поместување во насока на поттикнување на разговорот, мислата, свеста за родовите прашања.



## СОСТАНОК НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во текот на 2023 година  се одржаа две работни средби на Координативното тело за мировно образование.  Првата на 11 и 12 мај и втората 24 и 25 ноември. Членови на Координативното тело за мировно образование се претставници од Министерството за образование и наука, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат и МЕЃАШИ. На дневен ред беа повеќе прашања, со посебен фокус кон подготовката на модулите за мировно образование и трагичниот настан во Белград со фокус на состојбите во образованието во Македонија.



Набрзо по првиот состанок на Координативното тело, на 19.5.2023, тимот на мировно образование оствари средба со министерот за образование и наука и и државниот советник за образовни политики. Се согласивме дека исклучително е важно децата од најрана возраст да стекнуваат вредности, знаења, ставови, вештини и однесувања кои ќе им помогнат конфликтите да ги надминуваат на ненасилен начин. На средбата беше договорено во обуките за мировно образование Меѓаши да вклучи по еден наставник од секое средно училиште на национално ниво. Мировната компонента на образованието треба дополнително да се зајакне, како одговор на актуелните случувања во регионот и заложбите за училиштата како сигурни места за одвивање на воспитно-образовниот процес.



**ОСНОВНА ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**05-08.07.2023**

Оваа обука беше наменета за нова група наставнички и наставници, раководни и стручни служби во училишта од: Скопје, Македонска Каменица, Штип, Крива Паланка, Куманово и Радовиш. Како и останатите основни обуки така и оваа имаше за цел запознавање со основните концепти на мировното образование. Исто така, важно беше да се развие сензибилитетот за директно и структурно насилство, како и конструктивно справување со конфликтите со цел да се спречи насилството, во форма на ненасилна трансформација на конфликтите, особено во контекст на училиштата.



**НАПРЕДНА ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**20-23.09.2023**

На овој тренинг учествуваа наставници и наставнички од училишта во: Радовиш, Куманово, Гостивар, Велес, Виница, Македонска Каменица и Скопје. Акцентот на обуката беше ставен на разбирањето на поимот „градење на мирот“, самото мировно образование и мировните активности. Обуката беше организирана во Велес со цел да се приклучиме на десетиот јубилеен традиционален Марш на мирот, организиран од гимназијата ,,Кочо Рацин“.







**ВЕБИНАР НА ТЕМА „ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО“**

**5.10.2023.**

Темата на вебинарот и прашањата за Вештачката интелигенција во образованието предизвикаа голем интерес кај наставниците. Наставата во училиштата не е и не може да биде одвоена од други општествени или глобални случувања и затоа сакавме за наставниот кадар да создадеме можност за дискусија на релевантни и актуелни теми за кои не постои доволно простор во општеството или училиштата, а вебинарите овозможуваат такво место. Вештачката интелигенција е една од тие теми.




**НАПРЕДНА ОБУКА ЗА ГРАДЕЊЕ МИР И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**



**15-18.11.2023**

На овој тренинг учествуваа наставници и наставнички од средни училишта во: Берово, Македонски Брод, Велес, Скопје и Куманово.

Акцентот на обуката беше ставен на разбирањето на поимот „градење на мирот“, самото мировно образование и мировните активности.

**ТРЕТА МИРОВНА СРЕДБА**

**7 – 9.12.2023**



Мировната средба стана традиционална, оваа беше трета по ред. Замислена е како место за сретнување, дружење, учење, размена на искуства, креирање нови соработки, но пред сè за оснажување и инспирирање за понатамошна мировна работа. Слично како и обуките и тренинзите, мировните средби се структурирани според принципите на мировното работење, но со поголем број на луѓе и одвување на дел програмата во неколку паралелни работилници, на кои секој учествува по избор.

На отворањето на средбата учествуваше министерот за образование. Тој имаше можност не само да се сретне со наставниците од ПЕП туку и да го сподели своето мислење за важноста на МО и да одговори на прашања кои беа поставувани.

На средбата учествуваа 99 наставнички и наставници од училиштата од Виница, Дебар, Гостивар, Македонски Брод, Велес, Штип, Радовиш, Куманово и Скопје, вклучени во Програмата за мировно образование, како и претставници од Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат, Центарот за стручно образование и Бирото за развој на образование.

**RE-TREAT**

**16-18.1.2023.**

Се повлековме 3 дена надвор од работните простории, од секојдневието и неговата „машина", за да се погледнеме од подалеку, да си ги размениме видиците и мислите, да се слушнеме. Фацилитаторката и овојпат успеа да го извлече најдоброто од нас овозможувајќи ни низ игра, отвореност и интеракција да го најдеме детето во себеси и повторно да се преиспитаме навраќајќи се кон изворите, мисијата и визијата на Детската амбасада МЕЃАШИ. Дводневната работилница се фокусираше на ефективна комуникација, градење тим и активности за градење доверба, создавајќи атмосфера на блиска соработка помеѓу оперативниот тим и волонтер(к)ите.







**ОНЛАЈН РАБОТИЛНИЦА ЗА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИСКАТА ПОСТАВЕНОСТ**

**6.3.2023**

Прашањето за семејните вредности сѐ повеќе се наметнува како императив во општествениот контекст во кој живееме. Важно е да знаеме како организацијата ги дефинира семејните вредности и од аспект на мисија и визија и затоа го подготвивме документот:

**СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ**

**Зошто ни е важно ова прашање?**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши е организација која од своето основање е посветена на

застапување и заштита на правата на децата, мировно образование, развивање култура на ненасилство, почитување на различностите и еднакви можности за сите.

Во сите фази од своето постоење, организацијата беше и е фокусирана на застапување на детската благосостојба, на сите нивоа на општеството - од семејно до институционално, од најблиското опкружување до ниво на целото општество. Во последните неколку години, на светската сцена, вклучително и во регионот на Западен Балкан, се интензивираа дискусиите поврзани со значењата на поимите семејство, семејни односи и семејни вредности. Зајакнувањето на антиродовото движење и глобалните конзервативни и десничарски групи доминантно го сметаат прашањето за семејството и семејните вредности како нивен домен на работа и интерес, нудејќи ексклузивистички принципи и дефиниции кои не оставаат многу простор за дефинирање на овие концепти, надвор од патријархалните и конзервативните матрици. Од друга страна, граѓанските организации кои се занимаваат со заштита на правата на жените, како и правата на LGBTQ лицата, честопати спомнувањето на семејството и семејните вредности автоматски го класифицираат како дел од говорот на антифеминистичката, конзервативна струја, што го стеснува просторот за дијалог околу овие важни прашања, речиси до непрепознатливост.

Поради сето горенаведено, тимот на Меѓаши одлучи да подготви краток и сеопфатен документ кој го објаснува начинот на кој организацијата го дефинира и доживува концептите на семејство, семејна средина и семејни вредности.

**Како да го опишеме семејството?**

За Меѓаши семејството е основна општествена заедница која треба да обезбеди поддршка, разбирање, љубов и простор за личен раст и развој на сите свои членови.

Во склад со оваа широка дефиниција, важно е да се нагласи дека тимот на Меѓаши исто така прифаќа и инклузивен пристап во дефинирањето на овој поим, така што семејството може да се состои од татко, мајка и дете/деца; само еден (самохран) родител и дете/деца; двајца партнер(к)и со или без дете/деца; блиски и подалечни роднини, старатели итн. Прифаќајќи ја оваа дефиниција, Меѓаши всушност зборува за најблиската и директна средина во која децата растат и се воспитуваат како и дека многу поважно од самата форма, обликот и бројната состојба е она што основното формативно опкружување и средината суштински им го обезбедува на своите членови и членки.

**Кои се основните вредности што сакаме да ги афирмираме како семејство?**

*Работите што ги сочинуваат семејните вредности за кои се залага Меѓаши се:*

- *Љубов и меѓусебно почитување*

- *Поддршка за самоафирмација, индивидуален раст и развој, во согласност со личните афинитети, желби и можности*

- *Развивање емпатија и солидарност*

- *Развивање чувство на одговорност кон себе, другите и кон заедничкото опкружување*

- *Грижата за себе, еден за друг и сигурноста што ја дава чувството на припадност*

- *Култура на комуникација, без доминација, принуда и манипулации*

- *Култура на ненасилство и ненасилно справување со конфликти*

- *Прифаќање и почитување на различностите во и надвор од кругот на семејството*

- *Слобода и избор*

- *Заедништво кое се гради природно и без притисоци*

Тимот на Меѓаши е целосно свесен дека семејствата не функционираат изолирано од поширокиот социо-економски систем и дека многу од вредностите што сака Меѓаши да ги афирмира често се спречени или попречени од цела низа системски проблеми. Сигурно е важно да се споменат економските проблеми, сиромаштијата, проблемите во образовниот систем кој често нуди различни модели на улоги и матрици на однесување, преовладувачкиот систем на односи на моќ заснован на опресија и угнетување на послабите, потиквките, прилично пропаднатиот здравствен систем, отсуство на системска грижа за менталното здравје итн.

Токму поради целата низа системски проблеми со кои се соочува нашето општество, тимот на Меѓаши смета дека е важно да се афирмира и работи на инклузивна, отворена и поддржувачка дефиниција на семејството и семејната средина од која ќе произлезат одговорни граѓан(к)и кои се подготвени активно и артикулирано да работат на создавање подобро и поправедно општество.

**РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА „КОМУНИКАЦИЈА“**

**20.3.2023**

Работилницата беше организираа за тимот на МЕЃАШИ. Пристапот се засноваше на методологија развиена на Универзитетот во Брајтон, со цел да им се помогне на организациите да ги идентификуваат и артикулираат нивните заеднички вредности, оние етички вредности кои се важни за нив. Во 30 годишната работа на Прва детска амбасада Меѓаши / First Children's Embassy Megjashi како посебно важни се издвојуваат следниве вредности и принципи: посветеност кон децата и нивната добросостојба, одговорност, чесност, искреност, колегијалност, професионалност, иницијативност, солидарност, инклузивност, отвореност, ненасилство, поддршка, сопствен пример, искрено залагање за визијата и мисијата.

## 3. ОД ДЕЦАТА ЗА ДЕЦАТА – АКЦИЈА ЗА ПРОМЕНА

Проектот Од децата за децата – акција за промени претставува продолжение на проектот „Стратегија и Акциски план за унапредување на правата на децата и Акциски план за поддршка на деца на улица/улични деца во Град Скопје“, реализиран од 2022 година. Истиот го спроведуваме со партнерската организација SIEC. Намерата беше овој проект да придонесе кон унапредување на правата на децата во Градот Скопје. Целта на проектот: да се обезбеди поддршка на Градот Скопје во развој на стратегија и механизми со кои во следните пет години ќе се овозможи поцелосна имплементација и промоција на Конвенцијата за правата на детето и ќе се применуваат стандардите на Конвенцијата, со посебен осврт кон стратешко решавање на горливиот проблем на градот - децата на улица.

Во рамките на овој проект, во 2023 година реализиравме повеќе активности.

ПОСЕТА НА ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ДЕЦА НА УЛИЦА ВО ШУТО ОРИЗАРИ ПО ПОВОД 12 АПРИЛ - МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН ЗА ДЕЦАТА НА УЛИЦА



По повод 12 април Меѓународниот ден за децата на улица, програмскиот тим заедно со партнерската организација SIEC и средношколците – волонтери од 9 средни училишта на Град Скопје, го посетија Дневниот центар за деца на улица во Шуто Оризари, раководен од Здружението за заштита на правата на детето. Имавме можност да се запознаеме со децата кои го посетуваат центарот, ги споделивме нашите желби и интереси а дознавме и дека меѓу нив има цел тим љубители на спортот. Поразговараме која е убавината да си дете, но и ја дознавме приказната на Бушавко. За крај, посетата ја завршивме со многу прегратки и насмевки, мотивирани и инспирирани за следни средби и активности. Благодарение на поддршката од Словачка Амбасада, создадовме едукативно – прехранбено – хигиенски подароци за децата.

На 23 август 2023 година, беше одржана средба со средношколците кои ќе учествуваат во проектот на која беа запознаени од проектниот тим со активностите и целите на проектот. Имено, беа запознаени дека во перидот септември – ноември 2023 година, ќе се организираат две до три работилници со децата корисници на Дневниот центар во Шуто Оризари на коишто тие самите како водители ќе спроведат работилници за нив, со поддршка на Меѓаши и партнерската организација СИЕЦ. На состанокот присуствуваа 7 средношколци од четири средни училишта (СУГС Георги Димитров, СУГС Орце Николов, СУГС Никола Карев и СУГС Здравко Цветковски).

На 29 август 2023 година, во просториите на Детската амбасада Меѓаши се одржа работилница на која учествуваа 7 средношколци и 3 ученици/чки од три основни училишта од Град Скопје. На почетокот на септември 2023. подготвивме пет едноминутни видеа на тема „Насилство врз деца во услови на патување и туризам". Во нив децата искажуваат свои препораки како да се заштитат децата на улица, какви мерки треба да се преземат. Видеата се подготвени на англиски јазик и беа поднесени и до Специјалната претставничка на Секретарот за борба против насилство врз деца при ООН. На 23 септември 2023 година, 5 ученици од групата што учествува во проектот, учествуваа и на сесијата организирана како дел од консултативниот процес на Специјалната претставничка.

На 19 октомври 2023. беше одржан координативен состанок на сите партнери, ПДАС Меѓаши, СИЕЦ и Дневниот центар, а беше поканет и претставникот на Град Скопје, кој заради други обврски не можеше да присуствува. На состанокот се утврдија содржината и динамиката на работилниците, како и датумите за одржување работни средби со работната група што ја подготви Стратегијата во 2022 година.

Во текот на ноември 2023 година спроведовме три заеднички активности со средношколците и децата корисници на Дневниот центар. На 3 ноември, беше реализирана магионичарска интерактивна работилница со децата од Дневниот центар за деца на улица. На работилницата присуствуваа и ученици од неколку средни училишта. Во атмосфера на заедничко дружење, споделување и радост децата од Центарот и учениците поминаа моменти на радост и воодушевување, а на крај учениците им подарија симболични подароци – ситни играчки, тефтерчиња и сл. донирани од магионичарот.

Во ноември исто така ја одржавме и втората работилница со децата од Daycare Centre for street children/ Дневен Центар за деца на улица во Шуто Оризари и волонтерите од Прва детска амбасада Меѓаши / First Children's Embassy Megjashi . Научивме дека секоја вечер над небото гледаме просечно 3.000 ѕвезди, дека ѕвездата Сириус е всушност најсветлата ѕвезда која ја гледаме на небото...Се прашувате каде бевме? Во планетариумот на Младински Културен Центар, кадешто 60тина минути уживавме под отворено небо. Вториот дел од работилницата го поминавме во боење мандала и дискусија на тема: Јас и училиштето" а крајот заврши со многу прегратки и насмевки.

Влезот и престојот во Планетариумот и Детскиот креативен центар, како и едукативното презентирање на кустосот во Планетариумот беа бесплатни, за што сме посебно благодарни, имајќи го предвид скратениот буџет од Град Скопје.

Заедничка работилница со децата од Дневниот центар и учениците, се одржа и на 14 ноември, со едукативна посета на градската Зоолошка градина, водена од едукатор од ЗОО, како и со посета на Природнонаучниот музеј на Македонија, со едукатор кој им ги покажа делот со пронајдените фосили на територија на Македонија, птиците и дел од шумските животни.




На 28 ноември 2023 г., беше реализирана работилница за медиумска писменост и активизам преку социјалните медиуми наменета за волонтерите на АлоБушавко и средношколците од СУГСГ Здравко Цветковски, која се одвиваше на саемот за креативни индустрии. Имено, во рамки на Саемот за креативни индустрии, на кој учество зема и партнерската организација СИЕЦ, освен изложбени штандови беа предвидени и разновидни работилници. Во текот на работилницата беа претставени неколку алатки за креирање и едитирање промотивен материјал преку фотографии и за креирање и едитирање видеа. Потоа во работа во мали групи се направија сценарија за две нови видеа. Целта на работилницата беше запознавање на алатки за создавање на мултимедијални материјали, а на која младите имаа можност да се запознаат со процесот но и директно да се вклучат во креирањето на видеа и кампања. Критичко размислување, креативност, brainstorm на идеи и секако многу нови алатки и информации од областа на медиумската писменост се дел од работите кои ги понесоа учесниците по завршувањето на работилницата.



Одржавме два работни состанока со работната група формирана 2022 година за потребите на проектот „Стратегија и Акциски план за унапредување на правата на децата и Акциски план за поддршка на деца на улица/улични деца во Град Скопје“ исто така поддржан од Буџетот на Град Скопје. Идејата на овие средби е да направиме координирани и здружени активности кон заживување на Стратегијата во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, Народниот парвобранител, Секторот за внатрешни работи, Заводот за социјални дејности, Дневниот центар за деца на улица, сето тоа во соработка со партнерската организација СИЕЦ и претставници од

учениците од средни училишта од градот. Состаноците се одржаа на 8 и на 20 ноември во просторитте на Граѓанскиот ресурсен центар. Во текот на средбите беше направена ретроспектива на активностите поврзани со Стратегијата и разгледани повеќе можности како истата да заживее. Претставниците на работната група, особено децата, изразија разочараност зошто нема напредок во однос на заживување на Стратегијата. Беше заклучено дека работната група преминува во „лоби група“, односно дека членовите ќе се залагаат како Градот да ја заживее Стратегијата.










РАБОТИЛНИЦИ ЗА  МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ



Во рамки на проектот, во периодот од февруари до јуни 2023 одржавме и 5 работилници од областа на менталното здравје кај младите, за волонтер(к)ите на АлоБушавко и учениците од 9 училишта од Град Скопје: СУГСГ,, Орце Николов" СУГСГ „Никола Карев", СУГС „Арсени Јовков", СМУГС „д-р Панче Караѓозов", СУГС „Цветан Димов", СУГС „Здравко Цветковски", СУГС „Георги Димитров", СУГС „Марија Кири Склодовска", СУГС „Шаип Јусуф".

**Завршни согледувања и важни лекции научени при реализиацијa на проектот**

Начинот на сензибилизирање на младите за проблемите преку овозможување заеднички активности се покажа како извонреден, зашто личното искуство овозможува непосреден контакт и увид во животот на другите. Како што рече една од ученичките што учествуваше во сите активности со децата од Дневниот центар, *„чувството што го имав кога ја гледав искрената насмевка на дечињата, не можам да го опишам или пренесам, може само да се доживее.“* Друг ученик, кој исто така учествуваше во сите заеднички активности со децата од Центарот, не само што беше во текот на целото време меѓу нив, децата, туку поттикна и локална фирма да даде поддршка на Дневниот центар, во рамки на програмата на фирмата за општествена одговорност. Ова се резултатити кои се вон нашите очекувања и показател за поттикнатите разбирање, емпатија и сочувство меѓу учениците. Во иднина овој начин на сензибилизација во рамки на нашите програми и активности ќе го засилиме. За разлика од остварената соработка, редовна комуникација во проектот што минатата година (2022) беше поддржан од Буџетот на Град Скопје од истата Програма за социјална, детска и здравствена заштита, во овој кус 4-месечен проект скоро и да немаше директен контакт или учество на кој и да е претставник од Градот.

Мотивираноста на средношлколците и на дел од претставниците на институциите да придонесат кон подобрување на состојбата со правата на децата и лобирање за заживување на Стратегијата беше дополнителен мотив и за нас од ПДАС Меѓаши и партнерската СИЕЦ да продолжиме во напорите и по завршување на проектот.

## 4. МЕСТО ЗА РАСТЕЊЕ: ОПШТИНИ ПОСВЕТЕНИ НА ДЕЦАТА

Во почетокот на 2023 година започна имплементацијата на проектот Место за растење: општини посветени на децата, кој има за цел да допре до вниманието на општините и начинот на нивно учество во местото на дејствување. Општините нудат низа програми и услуги за децата и нивните семејства и на тој начин играат суштинска улога во обезбедувањето поволни услови за унапредување, остварување и заштита на правата на децата. По спроведено истражување, се воспостави недостаток на клучни стратешки документи кои би биле дизајнирани врз основа на уникатните потреби, перспективи и очекувања на децата и би служеле за поефективно унапредување на правата на децата, како и потребата на локалните самоуправи за подобрување во интегрирањето на потребите на оваа често невидлива, но важна група во одлучувањето и се осигурат дека градот или заедницата под нивна јурисдикција се средини што го стимулираат развојот на децата и создаваат услови за нивно активно учество во животот и работата на локалната заедница. Поттикнувањето на учеството на децата во локалното планирање бара развој на поволна средина, меѓу другото преку промовирање на свесноста за правото на детето да биде слушнато од најмала возраст, развој на голем избор на можности за унапредување на капацитетите на професионалците кои работат со деца, воспоставувањето на структури за учество и градење на стратешки партнерства со низа локални чинители.

Како крајни корисници се децата (на возраст од 3-18 години) кои живеат во петте општини вклучени во проектот а клучни чинители во проектот се општините: Виница, Дебар, Гостивар, Велес и Кисела

Вода (Скопје), Заедницата на општини (ЗЕЛС), како и граѓански организации кои работат во областа на детски права, бранители на човекови права на децата, академски институции, истражувачи, групи на професионалци кои работат со деца, организации на родители, приватниот сектор, медиумите и локалните заедници.

Во периодот на првата година од имплементацијата беа постигнати сите предвидени чекори/активности кои придонесуваат кон крајната цел за активно вклучување на децата во локалното планирање, преку градење на капацитетите на чинителите од локалната самоуправа, ЗЕЛС, вработените во предучилишни и училишни образовни институции. Имено беа регрутирани вкупно 150 учесници или по 30 од секоја општина засебно, за да на базичните тренинзи учество да земат 60 претставници на локалната самоуправа и ЗЕЛС и 92 учесници од воспитно - образовните институции.

Од вкупниот број на лица кои земаа учество во рамки на тренинзите, вкупно 166, 19 лица кои пројавија интерес и покажаа квалификации во соодветната област беа поканети да учествуваат на 16-часовниот тренинг за тренери што се одржа во Охрид, преку кој се стекнаа со вештини за реализација на работилници за детско учество во рамки на своите општини.

Проектот е финансиран од Европската унија

Период на имплементација: 01.02.2023 – 31.07.2025

Партнери на проектот: Прва детска амбасада во светот "Меѓаши" – водечки партнер

Центар за семејна и детска грижа КМОП Скопје – проектен партнер

## 5. ПРОЕКТ „ПРОМОЦИЈА НА БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА"

Во третиот квартал (¾) од 2023 година, односно со почеток на месец септември 2023 година, Првата детска амбасада во светот Меѓаши започна како партнерска организација да биде дел од проектот "Промоција на безбедна училишна средина" и спроведување на активностите поврзани со остварување на предвидените проектни цели, проектна мисија и дејствува во унапредување на постоечките механизми и инструменти, вклучување на сите засегнати страни во процесот за создавање на училишна средина која ќе се дефинира како безбедна од страна на самите ученици.

Учеството во спроведување на проектот, претставуваше и резултираше со развој на формална соработка со проектните партнери, поточно со Коалиција на младински организации СЕГА, организација- носител на проектот, Македонски Центар за Граѓанско Образование - МЦГО, СмартАп - Лабораторија за социјални иновации, а целиот проект е поддржан од страна на Детската Фондација Песталоззи. Развојот на соработката претставуваше и развој на стратешко партнерство кое ќе влијае, има допринос и е во согласност со поставената визија и мисија на организациско ниво.

Како организација која ќе биде дел од спроведување на проектот "Промоција на безбедна училишна средина" дополнително влијание имаше учеството во зајакнување на капацитетите на организациско ниво и овозможи од аспект на човечки ресурси, Меѓаши да ги зајакне своите капацитети, квантитативно и квалитативно, како и придонесе за финансиска одржливост на ниво на организацијата на среднорочен план со потенцијал да прерасне на долгорочен план. За потребите на спроведување на проектните активности, организациските цели и зајакнување на капацитетите од аспект на човечки ресурси, беше извршена промена во органограмската структура на организацијата, каде беа додадени и пополнети со човечки ресурси работните позиции, проектен менаџер, проектен асистент и комуникациски асистент.

Предвидената временска рамка за спроведување на активностите претставува со време траење од отприлика 3 години, каде завршен датум за спроведување на сите активности претставува август 2026 година.

Меѓаши со својата стручност, со сопствените капацитети и ресурсите кои ги има на располагање е очекувано својот допринос да го насочи кон развој на безбедната училишна средина во 50 проектни училишта, а и дополнително на национално ниво преку имплементација на принципите на:

- Ученичко учество
- Заштита на учениците преку превенција од појава на насилство

Поставените принципи врз кои се базираат проектните активности се утврдени од страна на проектниот конзорциум, проектните цели, како и проектните стратешките документи кои произлегуваат, а се во согласност со поставените визија, мисија и принципите на организациско ниво на Меѓаши.

Во текот на 2023 година, започна спроведување на одредени проектни активности каде во продолжение ќе биде даде даден, елабориран кратко осврт на процесот на спроведување.

Во последниот квартал од 2023 година, проектниот тим започна со имплементација на предвидените активности, што придонесе до развој на нова литература, писмен материјал, кој е првично насочен кон поддршка на одредени засегнати страни во формирањето на безбедна училишна средина. Проектниот тим во процесот обезбеди ангажман на две стручни лица, каде во согласност со нивното знаење, искуство и стручност, изработија стручна литература, односно писмен материјал кој ќе послужи како поддршка за стручните тимови, служби во училиштето и родителите на учениците во градење на нивниот однос со своите деца преку примена на одредени техники, начини и методи, наведени во самиот материјал.

Писмениот материјал насловен ,,Водич за улогата на родителите во превенција и справување со насилството во училиштата" има за цел да влијае како инструмент за поддршка, првично кон стручните тимови во училиштата, а последователно и кон самите родители во развојот, во градењето на нивниот однос со нивните деца - ученици преку претставување на одредени методи, техники и позитивни практични примери што може да допринесат да се развива средина која е стимулативна за ученикот, односно која тргнува од неговите потреби и одредени желби. Самиот Водич има обид да ја преслика тријадната врска, поточно односот помеѓу училиштето - родител - ученик и како зајакнување на оваа врска може да допринесе во градењето на безбедна училишна средина. Фокусот во Водичот е насочен кон презентација, дефинирање и начини на зајакнување на два дијадни односи, со кои ќе се овозможи да се дефинира улогата на родителот во градењето на безбедна училишна средина, како и директно и/или индиректно да се зголеми инволвираноста, вклученоста на родителот, односно старателот во целиот процес:

- Однос училиште - родител, кој може да биде од формална и неформална природа и

- Однос родител - ученик.

За потребите писмениот материјал да претставува инструмент за поддршка при градење на безбедна училишна средина на национално ниво, Водичот беше преведен и на два други јазици, односно на албански јазик и на турски јазик.

Промоцијата на Водичот е предвидена да биде во првата половина од 2024 година, а со неговата промоција ќе биде ставен и во употреба на сите засегнати страни кои имаат потреба, преку пуштање во употреба на електронската верзија која ќе биде достапна за сите.

Медиумска кампања од учениците за учениците

Со започнувањето на проектот, со имплементација на предвидените активности, остварување на зацртаните цели, Првата Детска Амбасада во Светот Меѓаши започна со развој на национална медиумска кампања насочена кон превенција од појавата и намалување на појавата на врсничко насилство во училиштата.

За потребите на развој на кампањата, покрај ангажманот на медиумска агенција, која во согласност со нивната стручност ќе биде вклучена во создавање и спроведување на кампањата, Меѓаши вклучи дополнително и 20 ученици на национално ниво во изработка на концептот за медиумската кампања. Нивната вклученост преку реализација на работилница за креирање на медиумска кампања доведе и имаше влијание предвидената кампања да биде создадена, развиена во согласност со нивните видувања, размислувања и искуства поврзани со врсничкото насилство од средината каде тие учат и се дел од таа училишна заедница.




*Процентуален износ на учесници - ученици во развојот на кампањата

Кога се однесува на родовиот аспект од учеството на работилницата за развој на медиумска кампања, соодност помеѓу момчиња и девојчиња (според методологијата на стратешките документи на проектот) изнесуваше 12 девојчиња и 8 момчиња. Или тоа графички прикажано:



При учеството на работилницата во предвид беше земен и мултиетничкиот пристап за развој на кампањата и градење на заеднички вредности при превенција од насилството во училиштата и негово намалување како појава во училиштата.




Предвидената медиумска кампања ќе започне со спроведување во првиот квартал од 2024 година преку користење на социјалните мрежи на Меѓаши. Нејзината временска рамка е со времетраење до јуни 2026 година, каде во согласност со потребите на самата медиумска кампања во соработка со учениците и медиумската агенција ќе биде предмет на промена и претрпува измени.

## 6. УЧЕСТВА/ДЕТСКА НЕДЕЛА

Во 2023. Детската амбасада МЕЃАШИ продолжи да ја остварува својата дејност спроведувајќи мониторинг на детските права и промоција на правата на детето застапувајќи ги потребите и интересите на децата пред институциите и пошироката јавност, како и активности за институционализација на мировното образование во воспитно образовниот систем на Македонија.

Како учесници во подготовката на Стратегијата за заштита на децата од насилство и злоупотреба 2020-2024 изработена од Националното координативно тело за заштита на децата од злоупотреба и занемарување, формирано со одлука од Владата а координирано од Министерството за труд и социјална политика, спроведуваме активности во насока на исполнување на стратешките цели на стратегијата.

Секоја година, првата седмица од месец октомври им се посветува на децата под мотото Детска недела, а првиот ден од Детската недела е Универзалниот Ден на детето. Детската амбасада трдиционално организира активности со цел да се одбележи Детската недела. Како организација чија главна мисија се правата и заштитата на децата, оваа година имавме активности на повеќе полиња. Во октомври 2023 Детската амбасада Меѓаши ја посетија и посетивме над 700 деца од повеќе основни училишта и претшколски установи. За нив одржавме едукативно забавни работилници на кои разговаравме за AloBushavko / СОС линија за деца и млади 070390632, детските права и што тие значат, Мирот како вредност и неговата важност...И оваа година особено интересна за децата беше

сложувалката „Поттикни МИР“.

